# ЗАПИСНИК
## од четврт состанок на
## бизнис клуб на Општина Гази Баба

Одржан на 26.04.2016 во Општина Гази Баба

Присутни беа претставници од: Ариљеметал, Алкалоид, Кенди, Те-То, Макстил, Свемек, Мак Аутостар, ЕМКИЦЕ, Градоначалникот Тони Тајковски и Сашо Трајков – раководител на ЛЕР и ИКР на ОГБ.

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Усвојување на записникот од претходниот состанок.
2. Програма за работа на БК на ОГБ за 2016 и 2017
3. Разно

1. Усвојување на записникот од претходниот состанок

Записникот е едногласно усвоен.

2. Програма за работа на БК на ОГБ за 2016 и 2017.

**Сашо Трајков** – претставување на програмата 2016 -2017

**Градоначалник Тони Трајковски**: забелешка: во самата програма да се вметнат плановите за индустриската зона Смилковци, проектите за инфраструктура, како и да се подготват акциони планови за истите.

**Илија Вучков ЕМКИЦЕ**:

-Отварање на иновативен центар

-Да се подготви буџет на БК каде ќе учествува општината и компаниите.

-Да се подготви датабаза на проекти од поширок интерес

-Бизнис форумот кој се одржува еднаш годишно да стане традиција на меѓународно ниво.

Еднаш квартално, на состанок на БК, да присуствува гостин од соодветна институција.

**Богослав Ангелоски -Ариље метал**: Сојузот на стопански комири ќе излезе во пресрет за соработка

Програмата е едногласно усвоена.

3. Разно

**Богослав Ангелоски -Ариље метал:** Информирање за стапување во сила на Законот за укажувачи. Предлагам да се побара, примената на овој закон да се одложи на 5 години или да се укине.

**Заклучок:** Бидејќи дел од членовите не се присутни, Законот да се прочита и по меил да се достави мислење, а исто така и предлози за програмата.

26.04.2016

Подготвил:
Лидија Крстеска